Ceresit

# TS 62 PRO

## ПРОИЗВОД

**Едно-компонентна пиштолска пена**

## КАРАКТЕРИСТИКИ

- Одговара со повеќе различни градежни материјали
- Висока топлотна и акустична изолација
- Отпорна на влага
- Соодветна за пополнување на шуплини
- Минимален отпад поради прецизно дозирање
- Долготрајност

Ено-компонентна, семи-флексибилна полиуретанска пена со исклучителен однос на отворени и затворени структури и висока механичка цврстина. Пената е само експандирачка и при процесот на стврднување се проширува околу 2 до 2,5 пати. Одговара со повеќе различни градежни материјали како што се дрво, бетон, камен, метал и сл. Некои метални површини мора претходно да се третираат за да се обезбеди подобро лепење.

Времето на стврднување на пената исклучиво зависи од условите при нанесување. Целосна механичка цврстина се добива после 24 часа. Количината на стврдната пена зависи од работните услови - температура, влажност на воздух, простор за ширење и сл. Производот не содржи CFC-потисен гас.

Амбалажата е со дизна од нова генерација, што обезбедува долготрајност и повисок квалитет.

## ПРИМЕНА

### ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГА

Подлогата мора да биде цврста. чиста и без супстанци кои може да влијаат на лепливоста. За да се добие целосно и еднакво стврднување на пената, навлажнете ги минералните порозни подлоги (цигла, бетон, креч) со вода. Околните површини заштитете ги со фолија. Подлогата може да биде влажна но не и замрзната.

### ТЕМПЕРАТУРА НА ПРИМЕНА

- Работна температура: од +50C до+300C
- Температура на амбалажа:  од +50C до+300C
- Пред употреба складирајте ја амбалажата на собна температура најмалку 12 часа пред нанесување.




### ТЕХНИКА НА НАНЕСУВАЊЕ

- Силно промешајте ја амбалажата пред употреба (15-20 пати) Завртете ја сламката цврсто. Количината на истисната пена може да се контролира со притискање.
- Нанесете ја пената рамномерно. Пополнете 50% од просторот и пената ќе експандира.
- Амбалажата може да се користи во сите позиции, со тоа што на почеток и на крај треба да биде во вертикална позиција.
- Многу е важно лименката да се претресува при нанесување, посебно кога лименката не е во вертикална позиција.
- Отстранете ги свежите дамки од пената со CERESIT TS 100 чистачот или со ацетон. Стврднатите остатоци може да се отстранат само механички.

### ОГРАНИЧУВАЊА

Ограничувања во максимална ширина на слоеви во согласност со амбиенталната температура и влажност на воздухот.

- Во суви услови (во соби со централно греење и сл.) кога целта е да се добие што подобра структура и карактеристики се препрачува пополнување на слоеви во повеќе слоеви со нанесување на помали линии на пена (до 3-4cm дебелина) со благо влажнење помеѓу секој слој.
- Се препорачува еднократна употреба.

CERESIT
TDS_TS62_01_2019

## РОК НА ТРАЕЊЕ И СКЛАДИРАЊЕ

Употребете го производот пред истекот на 18 месеци од датумот на производство. Поради долгиот рок на траење избегнувајте складирање на температура над +250C и под +50C (до -200C во краток временски рок). Секогаш складирајте го производот свртен нагоре. Транспорт на амбалажата во автомобил: секогаш завиткајте го производот со ткаенина и ставете го во багажникот, никако во делот за патниците.

## ПАКУВАЊЕ

750 ml

## УПОТРЕБА

- Изолација на оквири на врати и прозорци
- Пополнување на шуплини
- Пополнување на кровни конструкции и изолациски материјал
- Креирање звучна изолација
- Пополнување слоеви помеѓу цевки

Изолација на зидни панели и кровни плочи.

**ВНИМАНИЕ!** Стврднатата пур пена мора да биде заштитетна од UV зраци со боење или нанесување на завршен слој на малтер, фасада или друг вид на облога.

Лепливоста на производот е слаба на полиетилен, тефлон и на други видови пластика.

Освен информациите наведени во овој технички лист, важно е да се придржувате со соодветните насоки и правила од различни организации, како и важечи домашни стандарди. Наведените карактеристики се засноваат на наше стручно знаење и искуство. За својства кои не се наведени во овој лист, потребна е наша писмена согласност.

Наведените информации, посебно препораките за користење на нашите производи и нивна примена се засноваат на наше стручно знаење и искуство. Бидејќи материјалите и условите може да се разликуваат, и поради тоа ние немаме влијание врз нив, препорачуваме во секој случај да се спроведе соодветен тест на производот, Не може да се прифати законска одговорност по основ на содржината на овој технички лист, освен во случај на постоење на доказ за наша лоша намера или наша грешка. Овој технички лист ги заменува сите претходни.

## ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Густина (TM 1002:2014): | приближно 20 kg/$m^3$ |
| Лепливост на допир (TM 1014:2013): | 7-10 мин. |
| Време на сечење (TM 1005:2013): | 25-35 мин. |
| Притисок на стврднување (TM 1009:2013): | < 15kPa |
| Дополнителна експанзија (HENK-PU-14.2): | Макс. 70 % |
| Димензионална стабилност (TM 1004:2013): | Макс. ± 5% |
| Максимална ширина на слој (TM 1006:2013): | 5cm (услови: +5$^0$C ) |
| Сила на лизгање (TM 1012:2015): | 40kPa |
| Сила на лизгање (до точка на пукање)-(TM1012:2015) | приближно 40% |
| Класа на запаливост (TM 13501-1): | F |
| Водовпивливост после 24 часа (EN 1609): | Макс. 1% |
| Водовпивливост после 28 дена (EN 12087): | Макс. 10% |
| Звучна изолација (EN ISO 10140): | 60 dB |
| Издувност на амбалажата (TM 1003:2013): | 750 ml: макс. 50 L |

- Температура на постојаност на цврста пена
- 40$^0$C ... +90$^0$C, со кратко изложување до + 120$^0$C.

Сите мерења се правени во нормални временски услови (23±20C I RH 50±5%) освен ако не е поинаку изразено.

Термална спроводливост на стврднатата пена: 0,037 ... 0,040 W/mK

Упатство за безбедно користење и складирање побарајте во соодветен безбедносен лист за производот.

Henkel користи тест метода одобрена од FEICA креиран да достави транспарентни и повторливи резултати од тестирање, обезбедувајќи точни карактеристики за производот. FEICA OCF тест методот е достапен на: http://www.feica.com/our-industry/pu-foam-technology-ocf. FEICA е мултинационална асоцијација која ја претставува Европската индустрија на лепила и заптивни маси, вклучувајќи и еднокомпонентни пени. Повеќе информации на : www.feica.eu